# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## за работењето во 2021

**Содржина:**

ОПШТИ ПОДАТОЦИ....................................................................................................................3

КОДЕКС НА КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ ...........................................................................................4

ДИВИДЕНДА ..............................................................................................................................................5

ОСНОВНИ ФИНАНСИСКИ ПОДАТОЦИ ЗА 2021 ГОДИНА ..........................................................................6

# ОПШТИ ПОДАТОЦИ

| | |
|---|---|
| **Назив на Друштвото** | **Друштво за производство, трговија и услуги Орка Холдинг АД Скопје** |
| **Скратен назив** | **Орка Холдинг АД Скопје** |
| **Седиште и адреса** | **ул.Скупи 3А, Карпош - Скопје** |
| **Телефон** | **02/3099-508; 02/3099-509** |
| **Адреса на електронска пошта** | orkaholding@orka.mk |
| **Адреса на интернет страницата** | www.orka.mk |
| **Матичен број** | **5989876** |
| **Шифра на дејност** | **70.10** |
| **Опис на дејност** | **Управувачки дејности** |
| Деловоден број во Централен Регистар | **35020210018995** |
| | |

Темелите на успешната приказна на „Орка Холдинг“ се поставени пред 3 децении, во 1990 година, кога своето работење компанијата го започнува со само шеесетина вработени и отворање мал производствен погон.

Денес, 30 години подоцна, групацијата „Орка Холдинг“е еден од најголемите работодавачи во земјава.
Активна во различни сектори, со диверзифицирано портфолио на инвестиции, со над 15 компании и повеќе од 2.500 вработени групацијата им служи на своите клиенти и партнери со напредни технологии, највисок квалитетот на брендот и динамични човечки ресурси.

Темелејќи го своето работење на принципите на ликвидност, сигурност, рентабилност, начелата за лојална конкуренција на пазарот, добрите деловни односи и најзначајните етички принципи, компанијата природно создава своја бизнис-клима во која води грижа за своите вработени, клиенти и партнери.

Дејствувајќи во повеќе сегменти од општеството, компанијата станува движечка сила пред сѐ во подигнувањето на квалитетот на работните стандарди, работните услови и пристапот кон вработените, деловните партнери и клиентите.

На овој начин и преку постојани инвестиции, усовршување на работните процеси и заедничко, организирано дејствување „Орка холдинг“ достигнува значителен бизнис-раст и со своето работење создава вредности кои се значајни пред сѐ за самата компанија и вработените во неа, бизнис-партнерите, но се и од особено значење за заедницата во којашто дејствува, како и за целата економија во државата.

# КОДЕКС НА КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ

Врз основа на член 384-а од Законот за трговските друштва, Одборот на директори изјавува дека во групацијата ОРКА ХОЛДИНГ АД СКОПЈЕ корпоративното управување се темели на Статутот

Статутот е јавно достапен во просториите на Друштвото.

Од донесувањето на Статутот до денес не постојат случаи кои би укажале дека постојат отстапувања од правилата, туку напротив компанијата се стреми максимално да се почитуваат правилата со што се обезбедува успешно работење на компанијата, заштита на нејзините интереси како и интересите на акционерите и вработените.

## ПОДАТОЦИ ЗА КАПИТАЛОТ И АКЦИОНЕРИТЕ

| | |
|---|---|
| **Вкупен износ на основната главнина** | **3,748,600** |
| **Број на издадени акции** | **37,486** |
| **Обични акции** | **37,486** |
| **Номинална вредност на една акција** | **100** |
| **Број на акционери на крајот на годината** | **2** |
| **Број и процент на сопствени акции во основната главнина** | **0** |
| | |

## АКЦИОНЕРИ СО УЧЕСТВО НА АКЦИИ

| ред.бр. | Акционер | износ во мкд | % учество |
|---|---|---|---|
| 1 | КАМЧЕВ КОНСАЛТИНГ | 25,116 | 67% |
| | | | |
| 2 | ОРКА ФАЈНАНС | 12,370 | 33% |

## ДИВИДЕНДА

Врз основа на работењето на Друштвото во претходната година, нето добивката и ликвидноста, Одборот на директори донесува Предлог одлука до Собранието на акционери за исплата на дивиденда.

На одржаните собранија на акционерите е одобрена пресметка и исплата на нето дивиденда за 2019 и 2020 година во вкупен износ од 430.000.000 мкд со номинална вредност од 100 денари по акција.

Друштвото не ја евидентира обврската за дивиденда се додека истата не се одобри на Годишното собрание на акционери.

**Табеларен приказ на одобрена дивиденда**

| ред.бр. | Годишно Собрание | добивка 2019 | добивка 2020 | Вкупно: |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 24.08.2021 | 0 | 50,000,000 | 50,000,000 |
| | | | | 0 |
| 2 | 11.11.2021 | 19,081,592 | 60,918,408 | 80,000,000 |
| | | | | 0 |
| 3 | 24.12.2021 | 300,000,000 | 0 | 300,000,000 |
| | | | | |
| | Вкупно: | 319,081,592 | 110,918,408 | 430,000,000 |

## ОСНОВНИ ФИНАНСИСКИ ПОДАТОЦИ ЗА 2021

### СТРУКТУРА НА ПРИХОДИТЕ ВО 2021 ГОДИНА




Согласно член 166 б точка 1, алинеја 1 од Законот за хартии од вредност, ги објавуваме следните податоци (во илјади):

**ОСНОВНИ ФИНАНСИСКИ ПОДАТОЦИ ЗА 2021 (во илјада денари)**

| ред.бр. | опис | износ (во илјади денари) |
|---|---|---|
| 1 | Вкупни приходи | 437,627 |
| | | |
| 2 | Добивка/загуба пред оданочување | 252,282 |
| 3 | Добивка/загуба по оданочување | 252,282 |
| 4 | Нето готовински тек | 7,468 |
| 5 | Нето добивка по акција | 6,730.03 |

ОРКА ХОДИНГ АД СКОПЈЕ

Извршен Директор